**Анета Светиева**

# ПОРЕЧЕ

Етнографскиот предел **Порече** се наоѓа во Западна Македонија, поточно во северозападен дел. На север се граничи со Сува Гора, на исток со Караџица и Даутица, на југ со Бушова Планина, а на запад со висок планински срт кон Кичевската Котлина. Пределот го зафаќа средниот слив на река Треска со нејзината лева и најдолга притока Мала Река.

Народот го дели Порече на два дела: **Горно** и **Долно Порече**. Горно Порече го зафаќа сливот на Мала Река и сите села северно од Мала Река, освен селата Инче, Могилец и Калуѓерец. Долно Порече ги опфаќа сите други села. Гледано според течението на река Треска, Горно Порече се протега по долниот тек, а Долно Порече во горниот тек. Оправдување за ова наизглед обратно именување на пределот може да се најде во карактеристиките на релјефот бидејќи понискиот и поширокиот дел од пределот по текот на Треска се нарекува Долно Порече, а тесниот дел каде коритото на реката е засечено меѓу високи планини се нарекува Горно Порече.

Во периодот по Втора св. војна (НРМ, СРМ), етнографскиот предел Порече беше административно вклучен во Општина Македонски Брод. Со најновата територијална поделба Порече е разделено во две општини: Македонски Брод и Самоков. Најновата административна поделба донекаде ја следи народната логика на просторот според која Горно Порече се идентификува преку населбата Самоков, а Долно Порече преку населбата Македонски Брод. Во Општина Самоков спаѓаат населбите: Самоков, Требовле, Волче, Заград. Близансково, Растеш, Брезница, Косово, Ботушје, Брест, Тажево, Звечан, Бенче, Рамне, Лупште, Ковче, Калугерец, Белица, Зркле, Сушица, Инче, Могилец. Во Општина Македонски Брод спаѓаат населбите: М. Брод, Требино, Барбарос, Суводол, Девин, Крапа, Грешница, Слатина, Долно Крушје, Горно Крушје, Драгов Дол, Локвица, Вир, Горна Тополница, Долна Тополница, Томино Село, Манастирец, Модриште, Црешнево + *Ижишӣа, Русјаци, Ореовец, Лаӣово, Сланско, Дреново.*

Значаен фактор кој влијаел врз обликувањето на народната култура на Порече е ридско-планинскиот карактер на просторот по средниот тек на река Треска која народот ја нарекува Велика и Голема. Карактеристично е исто така што најголем дел од површината на Порече зафаќаат шумите, потоа пасиштата, а најмала површина зафаќаат обработливите земјишта. Меѓу населени места во Порече, ниту

едно не се развило во изразен урбан центар, а во вкупниот број населби доминираат малите села бидејќи во повеќето од населбите населението е во опаѓање. Што се однесува до сообраќајната мрежа, таа не е многу поволна. Порече спаѓа во најнеразвиени етнографски предели во Македонија со многу нагласена депопулација и деаграризација. Во таа смисла Порече има најретка густина на населеност во Р. Македонија која изнесува 13 жители на еден км$^2$ [1].

Во таа смисла етнографскитот предел Порече претставува специфичен етнолошки пример во Македонија поради изразениот модус на изолација како резултат на природно-географските карактеристики на просторот и пресечените комуникации со главниот урбанистички центар Скопје, како и поради прилично слабите комуникации со другите центри. Во таа смисла, уште Ј. Цвијиќ навел дека Порече е предел со силно изразена индивидуалност[2].

Факторот ***време*** исто така влијаел врз формирањето и одржувањето на одделни форми на народната култура, бидејќи оваа состојба може да се следи врз основа на поединечни известувања од средновековниот период до крајот на 19.век[3] и до денешни дни. Така на пример, Ѓорче Петров пишува дека Порече претставува едно дива, недостапна и непозната планинска област[4]. Таа состојба придонела да се задржат редица автентични форми на народната култура.

Промените што ќе ги предизвика изградбата на вештачката акумулација "Козјак" во Порече, веќе извршат своевидно влијание врз животот на луѓето од овој предел. Тоа убедливо го покажуваат контролните теренски истражувања извршени во месец мај 2000. Тие промени ќе бидат уште поизразени кога ќе отпочне конкретната реализација на проектот "Козјак" со потопување на дел од коритотот на река Треска при што ќе биде потопено село Здуње, другите соседни населби и одделни домаќинства.

**Извори и литература** За поречките села во средновековниот период (1300, 1335), постојат податоци во грамотите на Крал Милутин[5], како и во Грамотата на крал

---

[1] Македонија како природна и економска целина, ИНИ, Скопје 1978, 202-204; Митко Панов, Селата во Република Македонија, кн. 1., Скопје, 1993, 89-95

[2] Јован Цвијић, Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије, књ. 3, Београд 1911,1036

[3] (Ѓорче Петров), Материали по изучването на Македония, София, 1896, 479-480

[4] (Ѓорче Петров), Материали по изучването на Македония, София, 1896, 479

[5] Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том 1., Уредник: Владимир Мошин, Архив на Македонија, Скопје 1975 (види: 4. Грамоти за манастирот Св. Георги-Горг Скопски, 205)

Стефан Душан за манастирот Трескавец[6]. Овие податоци се земени предвид во првото поголемо познато истражување на Порече е објавено 1935 година на српски јазик (Петар Јовановић, Порече, Српски етнографски зборник, књ.LI, Насеља и порекло становништва, књ. 28, СКА, Београд). Во Порече вршел истажувања приближно во истиот период (1932-33), познатиот полски етнолог Јозеф Обренски (ОБРЕБСКИ, Joseph. - Ritual and social structure in a Macedonian village. - Amherst : University of Massachussets, 1977.). Главниот материјал за Порече е објавен: Јозеф Обрембски, Фолклорни и етнографски материјали од Порече, Редактор: Танас Вражиновски, Скопје 2001; Јозеф Обрембски, Македонски етносоциолошки студии, Редактор: Танас Вражиновски, Скопје 2001. За авторот Јозеф Обребски и неговите истражувања во Порече, објавил е прилогот: Танас Вражиновски, Легендата за Јозеф Обренбски, Балканославика, 25 , Прилеп,1998, 221-236. Овие изворни материјали можат да послужат за обработка на разни аспекти од народната култура за периодот за кој се однесуваат, а исто така и за компарација со современата состојба на етнологијата и фолклорот.

Етнологот др Бранислав Русиќ, кој бил роден во Порече, покажувал жив интерес за разни аспекти од народниот живот на својот роден крај. Најпрво објавил научен прилог за собирањето и преработката на смолата во Порече: Смоларење у Поречу, ГЕМ, XII, Београд 1937, 136-144. Вршејќи испитувања за потеклото на населението во Порече и Кичевско, ја истражувал т.н. "закаменска струја". Резултатите ги објавил во трудот: Питање Закамена, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, бр. 3, № 7, (1950), 3-22. Во тек на 1950-51 година авторот собрал богати теренски материјали за Порече кои содржат записи и фотодокументација (АЕ 344/1-51). Во т.н. истражувачки дневник на авторот и во 4. тетратки забележани се

[6]Ст. Новаковић, Законски споменици, с. 665 (цит. според : Петар С. Јовановић, Порече, СЕЗб, књ. LI, Насеља и порекло становсништва, књ.28, СКА, Београд, 1935, 263); Лидија Славева - Владимир Мошин, Првата грамота на Стефан Душан за манастирот Трескавец од 1 септември 1334 до 31 август 1335, Споменици за средновековната и поновата историја ма Македонија, том 4, Скопје 1981, 80-82; Лидија Славева - Владимир Мошин, Втората Душанова грамота за манастирот Трескавец од крајот на 1343 и почетокот на 1344 година, Споменици за средновековната и поновата историја ма Македонија, том 4, Скопје 1981, 120; Лидија Славева - Владимир Мошин, Третата Душанова грамота за манастирот Трескацвец од околу 1344 - 1345 година, Споменици за средновековната и поновата историја ма Македонија, том 4, Скопје 1981, 146.147

податоци за животот и обичаите во Порече[7]. Овие материјали се чуваат во "Фондот на Бранислав Русиќ" во МАНУ - Скопје.

Во првиот период на афирмација на визуелната етнологија (антропологија) на поранешниот југословенски простор, етнологот Вера Кличкова покажала интерес за визуелна обработка на еден сегмент од духовната култура на Порече - велигденските обичаи. Овој етнолошки филм бил прикажан на Конгресот за визуелна антропологија кој се одржал во Атина 1961 година.

Одделни истражувања во Порече во текот на 60-тите и 70-тите години од 20. век, вршеле соработниците на Институтот за фолклор "М. Цепенков" од Скопје. Вршени се истражувања на народната носија, обичаите и народните игри. Материјалите се зачувани во Архивот на Институтот за фолклор "М. Цепенков" во Скопје. Дел од материјалите бил користен при научната обработка на везот и народната носија во Македонија и публикуван во рамки на монографиите: Ангелина Крстева, Македонски народни везови, Македонска книга - Институт за фолклор, Скопје, 1975; Ѓорѓи Здравев, Македонски народни носии, т. 1, Скопје, 1996, 116

**Припадност кон етнографска целина** Порече припаѓа кон брсјачката етнографска целина. Неколку истражувачи од крајот на 19. до средината на 20. век, наведуваат дека бил зачуван и етнонимот "Брсјаци". Не треба да збунува фактот што тие зборуваат за Кичевско бидејќи е познато дека во административната поделба во турскито период Порече било нахија во Кичевска каза. Така според (К´нчов), "името Брсјак, најдобро се зачувало во Кичевска Котлина", а според (Цвијиќ, 1906[8]), " Брсјаци" се нарекуваат жителите на Кичевска Котлина, а ги има раселени во Крушево и Горна Преспа итн. Според Петар Јовановиќ[9], поречкото население се вбројува во Брсјаци. Авторот наведува дека некои Поречани знаеле дека спаѓаат во Брсјаци. Но, општо земено, Поречаните не сакале така да ги нарекуваат, затоа што тоа име го сметале како прекар од подсмев и како некоја увреда. Авторот ја истакнал важноста на етничката граница со соседните Мијаци како фактор за

---

[7] Љупчо С. Ристески, Ракописната заоставштина на Бранислав Русиќ, Битола 1997 (за Порече види на стр. 15,20,23,31,37,47,75,76,84,109,112)

[8] Јован Цвијић, Основве за географију и геологију Македоније и Старе Србије, књ.2, Београд 1906, 521

[9] Петар Јовановић, Порече, Српски етнографски зборник, књ. LI, Насеља и порекло становништва, књ.28, СКА, Београд, 1935, 291

зачувување на етнонимот, како и елементите на пежоративниот фолклор кој настанувал на границата меѓу едните и другите како елемент на разграничување.

За изворни "брсјачки" етнографски предели повеќе автори ги издвојуваат пределите по течението на р. Велика (Треска), Кичевско, Железник, Бабуна и Дебарца. За најоддалечени предели од оваа основна јатка кон југозапад и југоисток, каде се чувствуваат влијанија на соседните етнички заедници, Б. Русиќ ги смета Струшки Дримкол (со влијанија на македонската група од Албанија), Мариово и Тиквеш (со влијанија на јужномакедноската група)[10].

Меѓу постарите записи за пределските етнографски разлики во рамки на големата Брсјачка етнографска целина, спаѓа известувањето на Ѓ. Петров, кој над село Зашле ја видел етнографската границата меѓу Кичевчани и жителите на Прилепско-Крушевско-Битолско. Тој смета дека населението во Кичевско и Железник, доста се разликува од населението во Битолско-Прилепско Поле, по говор, носија и начин на живот[11].

**Население и населби** Населението во Порече го сочинуваат главно православни Македонци. Населението во соседното Кичевско го сочинуваат Македонци (православни и исламизирани), Албанци, Власи, Цигани и други**.** Исто така, најголемиот процент на населението во пределите на големата брсјачката етнографска целина го прават Македонците (православни и исламизирани). Покрај нив има Албанци, Власи, Цигани и Турци.

На просторот на соседно Кичевско за исламизираните Македонци се среќавале или се среќаваат етнонимите "Торбеши", "Читаци" (Кичевско: с. Горно Стрегомиште, Пласница), "Аповци" (Кичевско). Албанците ги нарекувале исламизираните во Кичевско "Шопки" и "Аповци". Општ етноним кај исламизираните е "Турци" како идентификација по вера и етничност со владеечкиот општествен слој во турскито период.

Податоците за потеклото на населението што ги извршил П. Јовановиќ[12] , покажуваат дека дека на почеток на 20. век мал процент од родовите биле "староседелци" (18,18%). Најдоминантна била "брсјачката" струја, потоа "дебарско-реканската", "закаменската" (делот на Струшка Малесија кон албанска страна),

---

[10] Б. Русиќ, Неколку белешки за Брсјаците, в. "Нова Македонија", 1953, VII, 26 (дел: "Забавен прилог")

[11] (Ѓорче Петров), Материали по изучването на Македония, София 1896, 110

[12] (сметајќи на сите податоци од таков вид во монографијата, а не само оние кои се дадени во делот за потеклото на населението)

"горновардарската", "шопската", "влашката" и други. Иако на прв поглед изгледа дека состојбата во пределот во минатото била доста статична, сепак истражувањата покажале тоа не било случај ниту со населението ниту со населбите особено во турскиот период бидејќи некои села се поместиле во повисоките планински предели како населби на овчари (Битово, Растеш, Модришта, Брезница), некои населби биле напуштени па одново населувани (Могилец, Рамне), а настанале и нови населби на местата искрчени од шума: Требино, Требовле, Битово, Косово. Со активирање на рударството во турскиот период, настанале населбите Самоков и Ковач. За работа во рудниците биле населувани "Шопи" - искусни рудари од тогашниот "Ќустендилски санџак", кадешто во тоа време спаѓале и сите деловите од Македонскиот Шоплук и каде што всушност најмногу било развиено рударството на Осоговијата. Дел од селата по класичниот турски период биле претворени во чифлици: Брод, Девич, Модриште, Црешево, Долно Белица, Калуѓерец и Бенче. Оваа состојба била главно статична до 1912 година.

Според типот, поречките села можеме да ги класираме во збиен тип. Треба да се истакне дека П. Јовановиќ забележал народни кажувања дека во минатото селата биле "растурени по орман", односно со карактеристики на села од раштркан тип. Постоењето на раштркан тип села може да се толкува со сточарството како главна стопанска дејност што преовладувала во минатото, како и со традицијата на влашките бачила[13].

Бројот на селата во Порече варира минимално во последните два века, не сметајќи на некои измени од понов датум поврзани со административната поделба на Р. Македонија. Поради тоа, состојбата со поречките села можеме хронолошки да ја проследиме, почнувајќи од самиот крај на 19. век, до најново време. Во таа смисла може да се види дека во турскиот период е зачувана етнографската посебност на пределот административно определен во т.н. "поречка нахија". Етнографските карактеристики на пределот во поглед на селата и составот на населението, се зачувани и во монографијата "Порече" објавена во првата третина на 20. век (1935). Во поновата административна поделба на Македонија, бројот на селата во Порече е покачен на 54, за разлика од постарите податоци (1935г.) каде бројот на селата изнесува 41, или според податоците од почетокот на 20. век (1900г.), каде бројот изнесува 39. Со додавањето нови села етнографските карактеристики на пределот се

[13] Петар Јовановић, Порече, н.д., 269, 284

пореметени. Така на пример додадени се 7. села од Долно Кичевско (Пласница, Преглово, Дворци, Ижишта, Русјаци, Ореовец, Латово) од кои во две села, (Пласница и Преглово) доминира исламизирано македонско население. Исто така додадени се две села од Прилепско (Сланско и Дреново).

Во најновата административна поделба со две општини: 1. Македонски Брод - 2. Самоков, донекаде е зачувана народната поделба на просторот на Долно Порече со центар Брод и Горно Порече со центар Самоков. Разлика во однос на претходната состојба е формирањето на Општина Пласница со селата: Пласница, Лисичани, Дворци, Преглово, Атишта. Сепак, може да се каже дека дефинитивно е нарушен поранешниот изворен етнографски карактер на пределот, во кој денес, во двете Општини заедно, има вкупно 49. населени места.

| Васил Кънчов, Македонија. Етнография и статистика, София, 1900 | Петар С. Јовановић, Порече Српски етнографски зборник, књ.LI, Београд 1935 | Митко Панов, Селата во Рапублика Македонија, кн.1, Скопје 1993 |
|---|---|---|
| **Долно Порече** | | **Општина Македонски Брод** |
| 1. Брод | 1. Брод | 1. **Македонски Брод** |
| 2. Требино | 2. Суводол | 2. Грешница |
| 3. Суводол | 3. Требино | 3. Требино |
| 4. Девич | 4. Девич | 4. Русјаци /Д.Кичевско/ |
| 5. Грешница | 5. Грешница | 5. Ореовец /Д.Кичевско/ |
| 6. Локвица | 6. Слатина | 6. Латово /Д.Кичевско/ |
| 7. Вир | 7. Долно Крушје | 7. Сланско /Прилепско/ |
| 8. Крушје | 8. Горно Крушје | 8. Дреново /Прилепско/ |

| | | |
|---|---|---|
| 9. Слатино | 9. Тополница | 9. Крапа |
| 10. Сушица | 10. Манастирец | 10. Локвица |
| 11. Инче | 11. Томино Село | 11. Девич |
| 12. Томино Село | 12. Драгодол (Драгов Дол) | 12. Суводол |
| 13. Могилец | 13. Модриште | 13. **Долни Манастирец** |
| 14. Манастирец | 14. Вир | 14. Горни Манастирец |
| 15. Ковче | 15. Локвица | 15. Старо Село |
| 16. Зркле | 16. Барбарас | 16. Томино Село |
| 17. Тополница | 17. Крапа | 17. Тополница |
| 18. Калуѓерец | 18. Црешнево | 18. Слатина |
| 19. Драгов Дол | 19. Горна Белица | 19. Драгов Дол |
| **Горно Порече** | 20. Калуѓерец | 20. Долно Крушје |
| 20. Самоков | 21. Могилец | 21. Горно Крушје |
| 21. Ковач | 22. Инче | 22.**Пласница** /Д.Кичевско/ |
| 22. Лупиште | 23. Сушица | 23. Преглово /Д.Кичевско/ |
| 23. Бенче | 24. Лупиште | 24. Дворци /Д.Кичевско/ |
| 24. Битово | 25. Зркле | 25. Ижишта /Д.Кичевско/ |
| 25. Звечан | 26. Самоков | 26. **Самоков** |
| 26. Ботуше | 27. Ковач | 27. Звечан |
| 27. Рамне | 28. Бенче | 28. Бенче |
| 28. Брест | 29. Звечан | 29. Ковач |
| 29. Косово | 30. Ботушје | 30. Лупиште |
| 30. Растеш | 31. Битово | 31. Сушица |
| 31. Требовле | 32. Растеш | 32. Инче |
| 32. Заград | 33. Заград | 33. Рамне |
| 33. Волче | 34. Волче | 34. Брест |
| 34. Близанско | 35. Требовле | 35. Зркле |
| 35. Здуње | 36. Косово | 36. Ковче |

| | | |
|---|---|---|
| 36. Брезница | 37. Брест | 37. **Растеш** |
| 37. Тежево | 38. Рамне | 38. Заград |
| 38. Модришта | 39. Тажево | 39. Волче |
| 39. Бракан | 40. Брезница | 40. Битово |
| | 41. Здуње | 41. Горно Ботуше |
| | | 42. Долно Ботуше |
| | | 43. Косово |
| | | 44. Требовле |
| | | 45. Здуње |
| | | 46. Близанско |
| | | 47. **Модриште** |
| | | 48. Тежево |
| | | 49. Брезница |
| | | 50. Белица |
| | | 51. Вир |
| | | 52. Црешнево |
| | | 53. Калуѓерец |
| | | 54. Могилец |

**Рецентна административна карта на Порече со населените места во Општина Самоков и Општина Македонски Брод (ноември 2000 година):**

| Општина Самоков | Општина Македонски Брод |
|---|---|
| 1. **Самоков** | 1. **Македонски Брод** |
| 2. Звечан | 2. Грешница |
| 3. Бенче | 3. Требино |
| 4. Ковче | 4. Русјаци /Д.Кичевско/ |
| 5. Лупште | 5. Ореовец /Д.Кичевско/ |
| 6. Сушица | 6. Латово /Д.Кичевско/ |
| 7. Инче | 7. Сланско /Прилепско/ |
| 8. Рамне | 8. Дреново /Прилепско/ |
| 9. Брест | 9. Крапа |
| 10. Зркле | 10. Локвица |
| 11. Белица | 11. Девич |

| | |
|---|---|
| 12. **Растеш** | 12. Суводол |
| 13. Заград | 13. **Долни Манастирец** |
| 14. Волче | 14. Горни Манастирец |
| 15. Битово | 15. Старо Село |
| 16. Косово | 16. Томино Село |
| 17. Требовле | 17. Горна Тополница |
| 18. Здуње | 18. Долна Тополница |
| 19. Калуѓерец | 19. Слатина |
| 20. Тежево | 20. Драгов Дол |
| 21. Близанско | 21. **Модриште** |
| 22. Ботушје | 22. Вир |
| 23. Могилец | 23. Црешнево |
| 24. Брезница | 24.Горно Крушје |
| | 25.Долно Крушје |

**Народно стопанство**

Во поглед на застапеноста на стопанските дејности, на прво место било сточарството од екстензивен тип со одгледување на ситна стока - кози и овци. Се практикувало дневно изгонување на стоката на ливадите, но исто така и сезонско, во текот на целиот период од Ѓурѓовден до Митровден. Земјоделството било на второ место со одгледување на овес, р´ж, јачмен пченица, пченка, винова лоза и нешто послабо тутун. Шумското богатство придонело да се развие смоларството, како и дрводелството. Овоштарството било послабо развиено, единствено за сопствени потреби на домаќинствата. Печалбата се интензивирала во 19. век. На "гурбет" заминувале кон Србија, Романија, Бугарија, но и во внатрешноста на Македонија, главно во поголемите градови. Момчињата заминувале заедно со постарите мажи и работеле главно како градители. Освен тоа работеле како гостилничари, фурнаџии, бозаџии, надничари и друго. Рударството било интензивно до 19. век. Се состоело во експлоатирање на магнетни зрнца од езерскиот песок од некогашното езеро од времето на постарата геолошка градба (во селата Грешница, Слатино, Инче, Зркле, Тополница), потоа топење и ковање железо во Самоков и Ковач. Дека рударството

било познато во Порече, покажувале остатоците од постарото рударство кај село Растеш.

**Податоци од социјалната култура** Според податоците со кои располагаме од литературата и од сопственитењ теренски истражувања, селата во Порече биле добро организирани по принципот на селска општина со своја самоуправа, не само на ниво на село, туку и на ниво на етнографски предел. Според податоците на П. Јовановиќ, во Порече имало големи родови и во таа смисла не било ретко едно село да биде само на еден род. Родовите имале и свои посебни греобишта. Одделни селски маала исто така биле именувани со патронимски имиња според родовите кои живееле во група. Доселениците исто така практикувале населување по групи според местата од кои доаѓале. Селото избирало селски старешина, селски "викач", т.н. "одборници" како помошници на селскиот старешина, како и угледни, мудри старци кои помагале во разрешувањето на разни проблеми. Во турскиот период, ајдутството во Порече било организирано во систем на самоодбрана на каде биле вклучени мажи од сите села во пределот. Се бранеле главно од дебарските албански чети кои обезбедувале егзистенција со грабежно стопанство[14]. Во тој период биле познати повеќе ајдучки војводи од Порече кое се движеле по планината и се криеле во многубројните пештери. Заедничките функции на селата од Порече можат да се следат и преку местото и улагата на манастирот Св. Богородица во село Манастирец, бидејќи манастирската слава на Мала Богородица се сметала за заедничка поречка слава.

Застапена била институцијата гостопримство.

При склучувањето брак се практикувало плаќање за невестата. Исто така била застапена институцијата "домазет". Презимињата биле главно формирани од прекари "прекарок". Во семејниот живот преовладувале големи задружни семејства кои функционирале на утврден начин на чело со машки и женски старешина. П. Јовановиќ, дава податоци за постоење на т.н. "мајкинска задруга", каде на чело на семејството стоела некоја постара жена со сите права како и "стариот" во концептот на задругата. Најчесто овие жени - старешини на задруга, била вдовици. Дека оваа институција била дел од секојдневието покажува фактот што некои родови биле именувани по женски имиња, како на пр. Милковци, Калиновци, итн.[15]

---

[14] Истото, 292,293

[15] Истото, 200

**Податоци за топонимијата на светиот простор** Обединувачки центар на сакралниот простор на Порече претставувал "Модричкиот манастир", односно манастирот Св. Богородица во село Манастирец. Освен религијската манастирот имал и социјална функција.

Цркви, остатоци од цркви или топоними "црквина, црквиште" се утврдени во следните села: (по една) - Девич, Грешница, Мидриште, Вир, Лупште, Зркле, Бенче, Ботуше, Косово, Тажево, Брезница и Здуње. По две - во селата: Брод (Македонски Брод), Слатина, Битово, Заград и Волче. По три - во селата: Инче, Звечан, Ковач и Растеш. Во турскиот период, манастирот Св. Никола во Брод бил претворен во теке. Според истражувањата извршени од страна на Заводот за етнологија кон крајот на 2000 година, се работи за дервишкиот ред "Бекташи".